**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**ул. „Светозар Марковиќ“ 1**
**тел./факс 033 411 550**
**E-mail:info@delcevo.gov.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 4**
**16.03.2018 година**

**Службен гласник на општина Делчево**
**Излегува по потреба**
**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**
**Одделение за правни и општи работи**

**Март, 2018**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево ("Сл. гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево на ден 16.03.2018 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на акти од Седмата седница**

**на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Службен гласник на општина Делчево„ актите што Советот на општина Делчево ги донесе на Седмата седница која се одржа на ден 15.03.2018 година и тоа:

1.**Одлука** за давање на согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Источен плански регион;

2.**Завршна сметка** на Буџетот на Општина Делчево за 2017 година;

3.**Заклучок** за усвојување на Годишен извештај на Општина Делчево за 2017 година;

4.**Заклучок** за усвојување на Годишен план за вработување на општина Делчево за 2019 година;

5.**Заклучок** за усвојување на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2019 година;

6.**Заклучок** за усвојување на Завршна сметка на ЈЛБ „Илинден" Делчево за 2017 година;

7.**Заклучок** за усвојување на Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за 2017 година;

8.**Заклучок** за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2017 година;

9.**Заклучок** за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за 2017 година;

10.**Заклучок** за усвојување на Извештај за работата на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2017 година;

11.**Заклучок** за усвојување на Завршна сметка на ЈПКД „Брегалница" за 2017 година;

12.**Заклучок** за усвојување на Завршна сметка на ОЈУДГ "Весели Цветови"-Делчево за 2017 година;

13.**Одлука** за согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

14.**Одлука** за согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

15.**Одлука** за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфрастрктура за Регулација на корито на река Брегалница во Централно градско подрачје на град Делчево, возводно од регулирано корито во должина до 500,00 м1

16.**Одлука** за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфрастрктура за Регулација на корито на река Брегалница во Централно градско подрачје на град Делчево, низводно од регулирано корито во должина до 500,32 м1;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 08-486 /1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**16.03.2018 год.** **Градоначалник,**

**Д е л ч е в о** **Горан Трајковски,с.р.**

1.Врз основа на член 80 став (12) од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10,09/2011, 51/2011, 123/2012, 147/13, 163/13,51/2015,146/15,156/15,39/16 и 63/16) Советот на општина Делчево на 7.седница, одржана на ден 15.03.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

за давање на согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Источен плански регион

Член 1

Со цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето, а заради решавање на постоечкиот проблем за управување со отпадот на територијата на општина Делчево, Советот на општината дава согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Источно планскиот регион од страна на Владата на Република Македонија согласно член 80 став 12 од Законот за управување со отпад.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Советот на општината Делчево на својата 7. седница одржана на ден 15.03.2018 година, донесе Одлука за давање на согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Источно плански регион.

Тргнувајќи од проблемите со кои се соочува општината во однос на управување со отпадот, а со цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето, Советот на општина Делчево донесе одлука како во диспозитивот.

Главни причини поради кои се пристапи кон донесување на ваквата одлука се проблемите со кои се сочува општината во управувањето со отпадот и неможноста за исполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за управување со отпад. Имено, општината проценувајќи ја својата финансиска состојба, како и потребните финансиски средства за расчистување на непрописните депонии, како и обврската за собирање и отстранување на отпадотсогласно стандардите за животна средина, односно во стандардизирана депонија, увиде дека нема можност за решавање на проблемите.

Заради заштита на животната средина и здравјето на луѓето, како и состојбата со отпадот во општина Делчево неопходно е итно преземање на активности со цел собирање, транспортирање, селекција и отстранување на отпадот. Воедно, согласно Националниот план за управување со отпад на Република Македонија и Регионалниот план за управување со отпад за Источен плански регион, потребно е да се воспостави регионален систем за управуање со отпад преку основање на регионална депонија и соодветната инфраструктура. Во Физибилити студијата за управување со отпад за Источен планскиот регион е утврдено дека вкупните инвестиции за основање на регионалниот систем за управување со отпад изнесува 26.610.594 евра, при што минималните финансии што треба да ги обезбеди општина Делчево изнесуваат__________евра, средства со кои општина Делчево не располага. Дополнително, согласно со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија, потребно евоспоставување на регионална соработка за основањето на депонијата, без кое управувањето со отпадот не може да биде одржливо ниту достапно за населението. Во овој момент не постои можност сите општини од Источен плански регион да ја обезбедат потребната финансиска помош со што не може да се основа депонијата со потребната инфраструктура доколку не се обезбеди финансирање од Владата.

Врз основа на претходно изнесеното, Советот на општина Делчево донесе одлука со која основањето на регионалната депонија со потребната инфраструткура го доверува на Владата на Република Македонија, како најдобар начин за брзо решавање на проблемите со управувањето со отпадот, а кој ќе биде со најмали трошоци исо цена која ќе биде достапна за населението во Источен плански регион.

**Бр. 09-462/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**15.03.2018 година** **Претседател,**

**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**Доставено до:**

-Влада на Република Македонија

-Министерство за животна средина и просторно планирање

**2.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."број 5/02) и член 33, точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 22/07, 67/07 и 156/09,47/11 и 192/15), Советот на Општина Делчево на својата 7-ма седница одржана на ден 15.03.2018 година, донесе

# З А В Р Ш Н А  С М Е Т К А
# НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2017 ГОДИНА

1.Општ дел

Член 1

Завршната сметка на буџетот на општина Делчево за 2017 година се состои од:

| | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|
| **I. Вкупни приходи** | **253.860.398** | **201.525.503** |
| - даночни приходи | 35.360.000 | 31.683.168 |
| - неданочни приходи | 20.177.000 | 8.797.634 |
| - капитални приходи | 5.208.000 | 2.486.949 |
| - приходи од дотации | 127.051.398 | 121.600.471 |
| - трансфери | 44.646.000 | 31.849.644 |
| - донации | 21.418.000 | 5.107.637 |
| **II.Вкупни расходи** | **258.888.629** | **199.048.137** |
| - утврдени намени | 258.838.629 | 199.038.137 |
| - резерви | 50.000 | 10.000 |

| | | |
|---|---|---|
| **III. Дефицит /суфицит** | **- 5.028.231** | **2.477.366** |
| **IV. Финансирање** | **5.028.231** | **-2.477.366** |
| | **5.028.231** | **-2.477.366** |
| **Прилив** | | |
| - Домашни приливи | 5.028.231 | 926.572 |
| - Странски заеми | | |
| -Депозити | | -3.403.938 |
| **Одлив** | | |
| - отплата на главнина | | |

**_Член 2_**

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Делчево на 31.12.2017 година , изнесува:

| | |
|---|---|
| **-Салдо на 31-12-2017** | **19.318.901 денари** |
| Салдо -основен буџет | 2.208.865 денари |
| Салдо буџет- дотации | 8.292.781 денари |
| Салдо буџет- самофинансирачки активности | 6.947.281 денари |
| Салдо буџет- донации | 1.869.974 денари |

Салдото на основниот буџет во износ од 2.208.865 денари се пренесува како прилив на основниот буџет на општина Делчево за 2018 година.

Салдото на буџетот на дотации во износ од 8.292.781 денар се пренесува како прилив на буџетот на дотации на општина Делчево за 2018 година.

Салдото на буџетот на самофинасирачки активности во износ од 6.947.281 денар се пренесува како прилив на буџетот на самофинансирачки активности на општина Делчево за 2018 година.

Салдото на буџетот на донации во износ од 1.869.974 денари се пренесува како прилив на буџетот на донации на општина Делчево за 2018 година.

Член 3

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи.

Период | Контролор

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 0 | 6 | 0 | 1 | 3 | 0 | 4 | 0 | | | | | | | | | | | | | | | |

Вид.раб. Идентификационен број Резервни кодекси

**Назив на субјектот** Општина Делчево
**Адреса, седиште и телефон** ул.„Светозар Марковиќ“ бр.1
**Единствен даночен број** 4009005108618

(Буџет - фонд)

ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во текот на годината - Биланс на приходите и расходите

од 1 јануари до 31.12. 2017 година

(во денари)

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | И з н о с | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **РАСХОДИ:**<br>**I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ**<br>(002+ 007+012+020+024+029+033+039) | 001 | **45.667.097** | **44814307** |
| | | а) ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ<br>(од 003 до 006) | 002 | 21.209.013 | 21155673 |
| 1. | 401 | Основни плати | 003 | 14.147.842 | 14655575 |
| 2. | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 004 | 5.112.707 | 5352763 |
| 3. | 403 | Останати придонеси од плати | 005 | / | / |
| 4. | 404 | Надоместоци | 006 | 1.948.464 | 1147335 |
| | | б) РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ<br>(од 008 до 011) | 007 | / | 10000<br>/ |
| 5. | 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | 008 | / | / |
| 6. | 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 009 | / | / |
| 7. | 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 010 | / | 10000 |
| 8. | 414 | Резерви за капитални расходи | 011 | | / |
| | | в) СТОКИ И УСЛУГИ (од 013 до 019) | 012 | 22.270.606 | 21505250 |
| 9. | 420 | Патни и дневни расходи | 013 | 581.192 | 490692 |
| 10. | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 014 | 5.472.374 | 4760338 |
| 11. | 423 | Материјали и ситен инвентар | 015 | 3.002.580 | 2001315 |
| 12. | 424 | Поправки и тековно одржување | 016 | 4.964.116 | 4766429 |
| 13. | 425 | Договорни услуги | 017 | 3.487.541 | 3219968 |
| 14. | 426 | Други тековни расходи | 018 | 2.135.153 | 2081505 |
| 15. | 427 | Привремени вработувања | 019 | 2.627.650 | 4185003 |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка конта | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | И з н о с | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | г) ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ВОНБУЏЕТСКИТЕ ФОНДОВИ (од 021 до 023) | 020 | | |
| 16. | 431 | Трансфери до Фондот за ПИОМ | 021 | | |
| 17. | 432 | Трансфери до Агенцијата за вработување | 022 | | |
| 18. | 433 | Трансфери до Фондот за здравствено осигурување | 023 | | |
| | | д) ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕЛС (од 025 до 028) | 024 | | |
| 19. | 441 | Дотации од ДДВ | 025 | | |
| 20. | 442 | Наменски дотации | 026 | | |
| 21. | 443 | Блок дотации | 027 | | |
| 22. | 444 | Дотации за делегирани пооделни надлежности | 028 | | |
| | | ѓ) КАМАТНИ ПЛАЌАЊА (од 030 до 032) | 029 | **122.522** | **98284** |
| 23. | 451 | Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори | 030 | | |
| 24. | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 031 | 122.522 | 98284 |
| 25. | 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | 032 | | |
| | | е) СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ (од 034 до 038) | 033 | **1.118.000** | **1280600** |
| 26. | 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 034 | | |
| 27. | 462 | Субвенции за приватни претпријатија | 035 | | |
| 28. | 463 | Трансфери до невладини организации | 036 | 833.500 | 963600 |
| 29. | 464 | Разни трансфери | 037 | 284.500 | 317000 |
| 30. | 465 | Исплати по извршни исправи | 038 | | |
| | | ж) СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ (од 040 до 043) | 039 | **946.956** | **764500** |
| 31. | 471 | Социјални надоместоци | 040 | 946.956 | 764500 |
| 32. | 472 | Плаќања на бенефиции од Пензискиот фонд | 041 | | |
| 33. | 473 | Плаќање на надоместоци од Агенцијата за вработување | 042 | | |
| 34. | 474 | Плаќање на надоместоци од фондот за здравствено осигурување | 043 | | |
| | | **II. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** (045 до 054) | 044 | **18.615.603** | **21807673** |
| 35. | 480 | Купување на опрема и машини | 045 | 44.918 | 71414 |
| 36. | 481 | Градежни објекти | 046 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 37. | 482 | Други градежни објекти | 047 | 17.986.350 | 21167866 |
| 38. | 483 | Купување на мебел | 048 | | |
| 39. | 484 | Стратешки стоки и други резерви | 049 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка конта или | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | И з н о с | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 40. | 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 050 | 261.019 | 299114 |
| 41. | 486 | Купување на возила | 051 | 323.316 | 269279 |
| 42. | 487 | Капитални трансфери до вонбуџетски фондови | 052 | | |
| 43. | 488 | Капитални дотации до ЕЛС | 053 | | |
| 44. | 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 054 | | |
| | | **III. ОТПЛАТА НА ГЛАВНИНА** (од 056 до 058) | 055 | | |
| 45. | 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | 056 | | |
| 46. | 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 057 | | |
| 47. | 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | 058 | | |
| | | **А. ВКУПНО РАСХОДИ** (001 + 044 + 055) | 059 | **64.282.700** | **66621980** |
| | | **Б. ВИШОК НА ПРИХОДИ** (097 минус 059) | 060 | 1.028.045 | 2208865 |
| | | **В.ВКУПНО** (059 + 060) = 099 | 0 61 | **65.310.745** | **68830845** |
| | | **ПРИХОДИ:** **I. ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** (од 063 до 070) | 062 | **32.362.025** | **31683168** |
| 48. | 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 063 | 1.734.401 | 1800889 |
| 49. | 712 | Придонеси за социјално осигурување | 064 | | |
| 50. | 713 | Даноци на имот | 065 | 14.682.345 | 13356069 |
| 51. | 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | 066 | | |
| 52. | 715 | Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | 067 | | |
| 53. | 716 | Еднократни посебни такси | 068 | | |
| 54. | 717 | Даноци на специфични услуги | 069 | 14.955.113 | 15053834 |
| 55. | 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 070 | 990.166 | 1472376 |
| | | **II. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** (од 072 до 076) | 071 | **2.467.503** | **1783039** |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка конта | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 56. | 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 072 | | |
| 57. | 722 | Глоби, судски и административни такси | 073 | 661.400 | 428461 |
| 58. | 723 | Такси и надоместоци | 074 | 955.175 | 250682 |
| 59. | 724 | Други владини услуги | 075 | 158.417 | 302217 |
| 60. | 725 | Други неданочни приходи | 076 | 692.511 | 801679 |
| | | **III. КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** (од 078 до 081) | 077 | **3.047.952** | **2486949** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 61. | 731 | Продажба на капитални средства | 078 | | |
| 62. | 732 | Продажба на стоки | 079 | | |
| 63. | 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 080 | 3.047.952 | 2486949 |
| 64. | 734 | Приходи од дивиденди | 081 | | |
| | | **IV. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** (од 083 до 086) | 082 | **27.433.265** | **32877689** |
| 65. | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 083 | 27.433.265 | 32877689 |
| 66. | 742 | Донации од странство | 084 | | |
| 67. | 743 | Капитални донации | 085 | | |
| 68. | 744 | Тековни донации | 086 | | |
| | | **V. ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** (од 088 до 090) | 087 | | |
| 69. | 751 | Краткорочни позајмици од земјата | 088 | | |
| 70. | 753 | Долгорочни обврзници | 089 | | |
| 71. | 754 | Друго домашно задолжување | 090 | | |
| | | **VI. ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО** (од 092 до 094) | 091 | | |
| 72. | 761 | Меѓународни развојни агенции | 092 | | |
| 73. | 762 | Странски влади | 093 | | |
| 74. | 769 | Други задолжувања во странство | 094 | | |
| 75. | 771 | **VII. ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** Продажба на хартии од вредност | 095 | | |
| 76. | 781 | **VIII. ПРИХОДИ ОД ОТПЛАТА НА ЗАЕМИ** Приходи од наплатени дадени заеми | 096 | | |
| | | **А. ВКУПНО ПРИХОДИ** (062+071+077+082+087+091+095+096) | 097 | **65.310.745** | **68830845** |
| 77. | 890 | **Б. НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ** (059 минус 097) | 098 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **В. ВКУПНО**<br>(097 + 098) = 061 | 099 | **65.310.745** | **68830845** |
| | | **Г. РАСПРЕДЕЛБА НА ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ**<br>(од 101 до 104) | 100 | **1.028.045** | **2208865** |
| 78. | 820 | а) Дел од вишокот на приходите за постојаната буџетска резерва | 101 | | |
| 79. | 821 | б) Дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година | 102 | 1.028.045 | 2208865 |
| 80. | 822 | в) Дел од вишокот за зголемување на државниот капитал | 103 | | |
| 81. | 825 | г) Дел од вишокот на приходите за други намени | 104 | | |
| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П ОЗ И Ц И Ј А | Ознака на АОП | И з н о с | |
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 82. | 800 | **Д. ВИШОК НА ПРИХОДИ**<br>(105 = 060 = 100) | 105 | **1.028.045** | **2208865** |
| | | **Ѓ. НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ И НИВНО ПОКРИВАЊЕ**<br>(од 107 до 109) | 106 | | |
| 83. | | а) Покривање на расходите без обврска за враќање | 107 | | |
| 84. | | б) Покривање на расходите со обврска за враќање | 108 | | |
| 85. | | в) Непокриени расходи | 109 | | |
| 86. | | **Е. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ**:<br>Просечен број на вработени врз основа на часовите на работа во пресметковниот период (цел број) | 110 | 46 | 44 |

Член 4

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Делчево за 2017 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Делчево".

**Број 09-463/1** **Совет на општина Делчево**
**15.03.2018 година** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

**3.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ" бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 7.редовна седница, одржана на ден 15.03.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај**
**на општина Делчево за 2017 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај на општина Делчево за 2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-464/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2018 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**4.**

Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр.27/2014,199/14, 27/16 И 35/18) и член 32 од Законот за административните службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр.199/2014 и 11/2018), Советот на Општина Делчево, на својата 7. редовна седница, одржана на 15.03.2018 година , донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен план за вработување**
**на Општина Делчево за 2019 година**

1.Се усвојува Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2019 година бр.19-425/1 од 08.03.2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево .

**Број 09-465/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**15.03.2018 година** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

**5.**

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор „„Сл.весник на

РМ" бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево,на својата 7. редовна седница, одржана на ден 15.03.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот план за вработување**
**за 2019 година на ЈЛБ „Илинден"-Делчево**

1. Се усвојува Годишниот план за вработување за 2019 година на ЈЛБ „Илинден"-Делчево бр.16-26/1 од 27.02.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-466/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2018 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**6.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 7.редовна седница, одржана на ден 15.03.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Завршната сметка**
**на ЈЛБ "Илинден"-Делчево**
**за 2017 година**

1. Се усвојува Завршната сметка на ЈЛБ „Илинден" -Делчево за 2017 година и тоа:
- сметка за наменска дотација 720010899090312
- сметката за сопствени приходи 720010899078718
- буџетска сметка 180100899060315

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-467/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2018 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**7.**
Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа

(„Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ“ бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 7.редовна седница, одржана на ден 15.03.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Завршната сметка**
**на СОУ „М.М.Брицо“Делчево за 2017**

1. Се усвојува Завршната сметка на СОУ "М.М.Брицо – Делчево за 2017 година и тоа:

- сметката за сопствени приходи 7200-105-371-787-15
- сметка за наменска буџетска сметка 7200-105-371-903-10

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-468/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2018 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**8.**
Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 7.редовна седница, одржано на ден 15.03. 2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Завршната сметка**
**на ООУ „Ванчо Прке“Делчево**
**за 2017 година**

1. Се усвојува Завршната сметка на ООУ „Ванчо Прке“ -Делчево за 2017 година и тоа:
-сметка за наменска дотација 720010543690314
- сметката за сопствени приходи 720010543678710

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-469/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2018 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**9.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 6.редовна седница, одржана на ден 15.03.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Завршната сметка**
**на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево**
**за 2017 година**

1. Се усвојува Завршната сметка на ООУ Св.Климент Охридски" -Делчево за 2017 година и тоа:
   - сметка за наменска дотација 720011115090317
   - сметката за сопствени приходи 720011115078712

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-470/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2018 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**10.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ" бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 7.редовна седница, одржана на ден 15.03.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за работата**
**на ЈПКД „Брегалница„-Делчево за 2017 година**

1. Се усвојува Извештајот за работата на ЈПКД „Брегалница" Делчево за 2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-471/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2018 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**11.**
Врз основа на член 36 став 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, 7.редовна седница, одржана на ден 15.03.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Завршната сметка**
**На ЈПКД „Брегалница" – Делчево за 2017 година**

1.Се усвојува Завршната сметка на ЈПКД „Брегалница" –Делчево за 2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-472/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2018 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**12.**
Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 став1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 7.редовна седница, одржана на ден 15.03.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Завршната сметка**
**На ОЈУДГ „Весели Цветови" – Делчево**
**за 2017 година**

1. Се усвојува Завршната сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови" – Делчево за 2017 година и тоа:
-на сметката 7200102259787-10
-на сметката за наменска дотација 7200102259903-14
**донаторски сметки**
-на сметката 7200102259785-12
-на сметката 7200102259785-27

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-473/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2018 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**13.**
Врз основа на член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата ( „Сл.весник на

РМ" бр 23/2013),член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) член 22 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 7.редовна седница, одржана на ден 15.03.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување**
**на Правилникот за**
**внатрешна организација на работните места**
**во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево, бр.0101-66/1 од 05.03.2018 година, со забелешка во член **4 кој целосно се менува** и истиот гласи:„ **Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево, бр.0101-66/1 од 05.03.2018 година е составен дел на Правилникот за организација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево бр.01-84/1 од 19.06.2015 година.**

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-474/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03. 2018 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**14.**
Врз основа на член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата ( „Сл.весник на РМ" бр 23/2013),член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) член 22 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 7.редовна седница, одржана на ден 15.03. 2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност**
**на Правилникот за изменување и дополнување на**
**Правилникот за систематизација**
**на работните места во**
**во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематзиација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево, бр.0101-67/1 од 05.03.2018 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-475/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03. 2018 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**15.**

Врз основа на член 52 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( „Службен весник на РМ" 199/2015 ), член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ" бр. 5/02), Советот на општина Делчево, на својата 7. редовна седница, одржана на ден 15.03.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за изработка на Урбанистичко проектна документација- Проект за инфраструктура за–Регулација на корито на река Брегалница во централно градско подрачје на град Делчево, возводно од регулирано корито во должина од 500 ,00 м1**

Член 1

Оваа Предлог Одлука се однесува на изработка наУрбанистичко проектна документација-Проект за инфраструктура за – **Регулација на корито на река Брегалница во централно градско подрачје на град Делчево, возводно од регулирано корито во должина од 500 ,00 м1.**

Член 2

Потребата за **Регулација на корито на река Брегалница во централно градско подрачје на град Делчево, возводно од регулирано корито во должина од 500 ,00 м1**е решавање на проблеми сонерегулирано корито, заштита на крајбрежните објекти и намалување на опасностите од поплави и заштита на градот.

Член 3

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива .

Член 4

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09 – 476/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**15.03. 2018 година** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

**16.**

Врз основа на член 52 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на

истиот ( „Службен весник на РМ" 199/2015 ), член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ" бр. 5/02), Советот на општина Делчево, на својата 7. редовна седница, одржана на ден 15.03.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изработка на Урбанистичко проектна документација- Проект за инфраструктураза–Регулација на корито на река Брегалница во централно градско подрачје на град Делчево, низводно од регулирано корито во должина од 500 ,32 м1**

Член 1

Оваа Предлог Одлука се однесува на изработка на Урбанистичко проектна документација- Проект за инфраструктура за – Регулација на корито на река Брегалница во централно градско подрачје на град Делчево, низводно од регулирано корито во должина од 500 ,32 м1.

Член 2

Потребата за Регулација на корито на река Брегалница во централно градско подрачје на град Делчево, низводно од регулирано корито во должина од 500 ,32 м1е решавање на проблеми со нерегулирано корито, заштита на крајбрежните објекти и намалување на опасностите од поплави и заштита на градот.

Член 3

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива .

Член 4

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09 – 477/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2018 година.** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**